Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 јуни 2020 година, донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19 и 153/19), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За начинот на исплата на средствата во 2020 година од Агенцијата за електронски комуникации за финансирање на Оперативно - техничката агенција за време на траење на вонредната состојба, се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

## Член 2

Агенцијата е должна да и ги исплати средствата за финансирање на Оперативно - техничката агенција во износ од 64.000.000,00 денари во рок од 3 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

## Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-6205/1
22 јуни 2020 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски